Здружение МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ ЗА ГОЛЕМИ БРАНИ - ЗМКГБ Скопје
тел. 02 3116-066, лок. 135, лок. 136, факс. 02 3118-834, http://www.macold.org.mk
Адреса: Градежен факултет - Универзитет Св. Кирил и Методиј,
бул. Партизански одреди, 24, 1000 Скопје, РС Македонија
Жиро сметка: 300000001888141, Трансакциска сметка за донации 300000004369692
ЕДБ/МК: 4030002505887, Комерцијална банка АД-Скопје

# ЗАПИСНИК
# од 2. седница на претседателството на ЗМКГБ, одржана на 29.3.2022 година

(верзија 1)

Скопје, март 2022 година

**ЗАПИСНИК**

од **2.** седница на претседателството на ЗМКГБ,
одржана на 29.3.2022 година

На Седницата, одржана во виртуелна просторија на Градежниот факултет во Скопје со почеток во 14:00 часот, присуствуваа членовите на претседателството (7/11):

1. Љупчо Петковски, претседател на ЗМКГБ,
2. Стевчо Митовски, потпретседател на ЗМКГБ,
3. Драги Дојчиновски,
4. Драган Димитриевски,
5. Илија Кондински,
6. Ибраими Шпресим,
7. Игор Пешевски,

и на надзорниот одбор (1/3) на ЗМКГБ:

1. Орце Мангаровски, член на надзорен одбор

Отсутни на седницата:

1. Ѓорѓи Чакаровски, член на претседателство
2. Славко Милевски, ген. секретар на ЗМКГБ,
3. Игор Николоски, член на претседателство
4. Лидија Зафировска член на претседателство
5. Здравко Јаковлевски, претседател на надзорен одбор
6. Даниел Цеков, член на надзорен одбор

На Седницата, беа поканети и членови на Редакцискиот и Организациониот одбор за идните манифестации на здружението за брани. Од поканетите, присуствуваше (1/4): Фросина Пановска, тех. секретар на ЗМКГБ

Седницата преку платформата ZOOM ја отвори претседателот на ЗМКГБ, Љупчо Петковски. На почетокот на Седницата беше усвоен следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на записникот од **1.** седница на Претседателството, одржана на 4.11.2021 година;
2. Информација за Годишното собрание на ЗМКГБ, одржано во Скопје, на 23.12.2021 година;
3. Припрема за Втора конференција за хидројаловишта, во Штип, 7-8 октомври 2022 година;
4. Разно.

За секоја од наведените точки од Дневниот ред се разви дискусија со следниве

**ЗАКЛУЧОЦИ**

**Точка 1. Записник од претходната седница**
Записникот од 1. Седница на Претседателството, финалната верзија, е доставен до сите членови на Претседателството на ЗМКГБ, и во однос на текстот на истиот не се констатирани забелешки, по што едногласно се усвои.

**Точка 2. Информација за Годишното собрание на ЗМКГБ**
Љ. Петковски информираше за Годишното собрание на ЗМКГБ, одржано on-line, без физичко, на 23.12.2021 година, во виртуелна просторија на ГФ, Скопје.

На Годишното собрание учествуваа 35 делегати на ЗМКГБ. Беа водени дискусии по вообичаените активности според усвоениот дневен ред: 1. Избор на работни тела на Годишното собрание. 2. Извештај за работата на ЗМКГБ во 2021 година. 3. Донесување план за активности и финансиски план за 2022 година, каде најзначаен настан за ЗМКГБ е организирање на манифестација, во октомври 2022.

Беше доделана Плакета за заслужен член на ЗМКГБ на Славчо Михајловски. Пригодна реч за долгогодишниот професионален ангажман на Славчо Михајловски одржа м-р Игор Николоски, по што С. Михајловски се обрати до делегатите на годишното собрание.

Во склоп на Годишното собрание се одржа Семинарот на тема: „Актуелности во планирање, оскултација и санација на хидротехничките објекти“, со следните реферати:

- „INFLUENCE OF SMALL WATER STORAGE RESERVOIRS ON RELIABILITY OF IRRIGATION WATER SUPPLY“, prof. Tina Dashic, Srbija,
- „NUMERICAL MODELING FOR IDENTIFICATION OF SEEPAGE BY THERMAL MONITORING IN THE EMBANKMENT OF BREŽICE HPP“, prof. Andrej Kryzhanowski, Slovenija,
- „РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА НАСИПНАТА БРАНА СЛАТИНО, ОХРИД“, Силјан Михајловски,
- „САНАЦИЈА НА БЕТОНСКИТЕ ОБЛОГИ НА ВОДОСТАНСКИТЕ ШАХТИ НА ХЕ ВРУТОК, ГОСТИВАР“, Зоран Јосифоски

**Точка 3. Припрема за Втора конференција за хидројаловишта**
За претстојната манифестација во организација на ЗМКГБ, усвоена на Годишното собрание во декември 2021, да се одржи во октомври 2022 година, Љ. Петковски предложи да биде Втора конференција за хидројаловишта.

Јаловишните брани, иако се градежни објекти со највисок потенцијален хазард за околината, како во минатото така и во иднината ќе бидат актуелни градби во Македонија. Од тие причини во организација на ЗМКГБ во 2012 година беше успешно организирана Конференција на тема: Хидројаловиштата во Република Македонија.

Втората конференција за хидројаловишта во организација на ЗМКГБ претставува продолжение на активностите на нашето здружение во изминатиот период. Главната цел на Конференцијата е да се претстави искуството на членовите на MACOLD и на сите инволвирани во Инженерството за брани и хидројаловиштата, кај нас и во регионот, стекнато при истражување, проектирање, изградба и одржување и рекултивацијата на хидројаловиштата и јаловишните брани со придружните објекти.

Првото соопштение да биде испратено до членството на 31.3.2022.

Работниот дел на Конференцијата ќе се одржи на 7.10.2022 година во хотел Оаза, Штип, додека на 8.10.2022 (Сабота) е предвидена стручна посета на брана со придружни објекти.

Котизацијата за учество на Конференцијата изнесува 1,500 денари (или 25 €) и вклучува учество на Конференцијата, Зборник на трудови, коктел и освежување во паузите.

Теми на конференцијата:

Тема бр. 1. Истражување и проектирање на хидројаловишта од геолошки, градежен, технолошки и еколошки аспект

Тема бр. 2. Искуства од користење на хидројаловишта и градење на јаловишни брани со придружни објекти

Тема бр. 3. Одржување, оскултација, санација на хидројаловишта во фаза на користење

Тема бр. 4. Ремедијација и рекултивација на хидројаловишта во пост сервисниот период

Тема бр. 5. Регулатива за хидројаловишта.

Важни датуми:

31.6.2022 Доставување на резиме

15.7.2022 Известување за прифаќање на резимето, со упатства за подготовка на рефератот

31.8.2022 Доставување на комплетни реферати

15.9.2022 Конечно соопштение со програма на Конференцијата

7.10.2022 Работен ден на Конференцијата

8.10.2022 Стручна посета на јаловишна брана Саса, М.Каменица.

Стевчо Митовски истакна дека после 10 години, повторно организираме настан за хидројаловишта, на некој начин создаваме мала традиција за настани на оваа специфична тема.

Игор Пешевски образложи дека во Штип, најповолно е да се организира настанот во хотел Оаза, лоциран во центарот. Може да се консултира некој од археолошки музеј да не придружува при прошетката до Исар, над Штип. Од Исар има убав поглед кон градот. Има хотел и на влез во Штип, хотел Изгрев, но центарот е подобра локација за гостите. Да се консултира Голомеов од УГД Штип, работеле со колегите на проект за користење на јаловината во соработка со колеги од Словенија, ќе организираат и школа за споделувања на знаењата во Полска, во близина на границата со Украина, да се контактираат за да учествуваат со реферати на нашиот настан.

**Точка 4. Разно**

Немаше дискусии.

* * *

На крајот Љ. Петковски им се заблагодари на присутните за активното учество, им посака добро здравје, по што ја затвори седницата.

Седницата заврши во 15:00 часот.

Записничар,
Фросина Пановска

Скопје,
29.3.2022 година

Претседател на ЗМКГБ,
Проф. д-р Љупчо Петковски